Поместувајќи го писмото на Стручниот колегиум на МСУ би посочиле само на неколку, битни нешта. Првин рубриката Културен живот, на својата страница од 3 јуни 1983 година објави официјална рецензија за споменатата изложба, инаку, со мошне позитивни оценки, а текстот на В. Георгиевски е поместен како издвоено мислење на колоните на страниците посветени на материјали со полемичен карактер, што секако говори за две суштински разлики. Текстот на В. Георгиевски понудуваше повод за поширока дискусија за апстракцијата во уметноста воопшто, навор од рамките на вредностите на изложбата на шпанскиот енформел.

Инаку, што се однесува до тврдењето за тоа колку одговорните во културна рубрика се запознаени со вредностите на презентиранaта изложба, и овој пат, не би сакале да ја омаловажуваме високата стручност на Стручниот колегиум на МСУ.

Од рубриката Културен живот